# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 3 Понеделник, 15 Април 2024 Демир Капија**


**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година..........................................................................................................................*
2. *Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек – речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија.......................................................................................................*
3. *Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето....................................................................................................................*
4. *Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2024 година..........................................*
5. *Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затеканти на јавни површини без присуство на сопственик за 2024 година....................................................................................*
6. *Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2024 година...................................................................*
7. *Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2024 год........................................................*
8. *План за дополнување на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на вработените и останатите лица кои во тој момент се затекнале во просториите на оптината и материјалните добра...................................................................*
9. *Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година..............................................................*
10. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година...................................................................................*
11. *Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија.......................................................................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/1
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/20, 172/21) **и одредбите на Колективниот договор за вработените во Општина Демир Капија бр.01-410/1 од 20.05.2022 година**, Советот на Општина Демир Капија на XXXIII-та седница одржана на 12.04.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година бр.08-919/5 од 28.12.2023 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.15/23), се вршат следните измени:

Во членот 9 став 1 алинеја 1 од Одлуката, зборовите "коефициент кој изнесува 2,7" се заменуваат со зборовите "коефициент кој изнесува 2,35".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 254/3
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек – речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек – речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/2
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Советот на општина Демир Капија, врз основа на член 131 став 2 точка 3 од („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) и

член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) на седницата одржана на ден 12.04.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За определување на крајбрежен појас на регулиран водоток – речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија**

Член 1
Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на регулиран водоток – речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија од стационажа од С1 0+000.00 дефинирана со координати Т1 Y-7605112,0425 X-4585653,5314, до стационажа С2 0+858.1108 дефинирана со координати Т2 Y-7604318,7804 X-4585426,0925, а заради заштита и одржување на природното и уреденото речно корито и брегот на реката.

Член 2
Ширината на крајбрежниот појас на регулиран водоток речно корито на р.Бошава низ урбаниот дел од градот до влив во р.Вардар, опфатен со ГУП Демир Капија, Општина Демир Капија, од стационажа С1 до стационажа С2 од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3,00 метри лево и 3,00 метри десно.

Член 3
Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог Прегледна ситуација во размер 1:5000 и геодетски координати за опфатот.

Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Демир Капија, а по претходно добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Број 08 – 254/4
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/3
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), Советот на Општина Демир Капија на XXXIII седница одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изграден објект со намената на земјиштето**

**Член 1**
Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изграден објект кој треба да се вклопи со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

**Член 2**
По барање бр.УП I 09-476 од 26.08.2011 година доставено од **Стојанка Симонова** од с.Возарци, Кавадарци, за утврдување на

правен статус на бесправен објект – деловен објект (зграда 8), изграден на КП 728/3 КО Бистренци, се утврдува потреба од донесување на урбанистичка планска документација со која се врши **измена на ДУП за с.Бистренци од класа на намена дом на млади во класа на намена станбено-деловен простор.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 254/5
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/4
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 5, став 1, точка 9, и член 8, од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.302/20), член 36, став 1, точка 15, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.5/2002), член 12, став 1 и став 2, точка 3, од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.42/20), член 12, од Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото ("Службен весник на РМ" бр.205/2019), Советот на општина Демир Капија, на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
За одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2024 година

**1 ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

1.1 Со оваа програма се планира начинот и динамиката на одржување на градското и вонградското зеленило, неговата обнова, со засадување на нови садници и подигање на нови зелени површини.

1.2 Програмата е направена согласно законските прописи и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за комунални дејности, Законот за локална самоуправа, Законот за урбано зеленило и Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото, Статутот на општина Демир Капија и други акти донесени од надлежни министерства и институции.

**2 ПРИХОДИ – потребни средства за реализација на програмата**

2.1 Во 2024 година за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија се планират да се обезбедат финансиски средства во висина од 2.241.054,79 денари и тоа:

- Буџет на општина Демир Капија
- Други средства предвидени со закон

## 3 ВИД И ОБЕМ НА РАБОТА

3.1 Под одржување на градски паркови, тревници и дрвореди, се подразбира чистење, косење и собирање на трева, обнова, одржување и нега на дрвјата, одржување и кроење на украсни грмушки и жбунови, одржување и нега на сезонско и трајно цвеќе во жардинери, одржување на поплочени и посипани со песок површини во паркови, фитосанитетска заштита на растенијата, собирање и депонирање на настанатиот отпад, како и останати работни задачи, потребни за одржување на јавното зеленило.

3.2 На подрачјето на град Демир Капија, евидентирани се парковски и зелени површини, како и жардинери насадени со сезонско и трајно цвеќе, со вкупна површина од **37.610,00 m²** .

Табеларен преглед на јавни површини (паркови и зеленила), кои се предмет на одржување:

| Ред. Бр | Назив на Објектот | Ед.мера | Вкупно Површина m2 | Зимзелени садници | Листопадни садници | Грмушки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Парк по насип на река Бошава | м2 | 8.400 | 94 | 86 | 14 | 194 |
| 2 | Парк Албиција | м2 | 1.000 | 239 | 28 | 3 | 270 |
| 3 | Парк на улица Наум Наумов | м2 | 3.500 | 2 | 69 | 0 | 71 |
| 4 | Парк Триаголник | м2 | 200 | 7 | 0 | 1 | 8 |
| 5 | Парк спортската сала | м2 | 450 | 0 | 24 | 0 | 24 |
| 6 | Парк 11ти Октомври | м2 | 350 | 11 | 24 | 0 | 35 |
| 7 | Градски гробишта | м2 | 300 | 12 | 7 | 0 | 19 |
| 8 | Жандрењери М.Тито | м2 | 100 | 40 | 0 | 20 | 60 |
| 9 | Плоштад | м2 | 5.310 | 51 | 0 | 0 | 51 |
| 10 | Парк кај повеќенаменското игралиште | м2 | 10.000 | 10 | 40 | 0 | 50 |
| 11 | Зеленило покрај обиколница кај парк Река Бошава | м2 | 4.300 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | Парк на улица Партизанска | м2 | 250 | 10 | 0 | 7 | 17 |
| 13 | Влезот во Демир Капија, покрај и помеѓу улица Маршал Тито и железничката пруга | м2 | 4.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | | **38.160** | **476** | **278** | **45** | **799** |

## 4 ДИНАМИКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

4.1 Работите на одржување на јавното зеленило, ќе се извршуваат според Оперативниот план, разработен по месеци за тековната година, според следнитете стандарди за одржување:

- Рачно чистење на јавни зелени површини, се извршува секојдневно, на сите површини,
- Собирањето на лисјата се врши во периодот од септември до февруари,
- Одржувањето и негата на тревниците, започнува со почетокот на вегетирањето на растенијата, во месец март, и се извршува континуирано, до завршувањето на вегетацијата, во месец септември,
- Одржувањето и негата на дрвјата, во парковите и дрворедите, се одвива континуирано во текот на целата година, а кастрењето е интензивно во периодот на мирување на вегетацијата,
- Прихранувањето со арско ѓубре, најмалку еднаш во годината, на јавните зелени површини, ќе се извршува со почетокот на вегетацијата, односно во месец март,
- Садењето на дрва ќе се одвива во периодот на мирување на вегетацијата, односно во периодот од месец октомври до месец април,
- Одржувањето на украсните грмушки се спроведува континуирано. Во фаза на вегетација се врши плевење, окопување, кастрење, а во време на мирување на вегетацијата се врши кастрење според правилата на оваа струка,
- При одржувањето на живата ограда, кастрење се врши три пати годишно, и тоа во месеците април, јуни и август, а дотраената жива ограда се потполнува и заменува континуирано,
- Садење на сезонско цвеќе се врши два пати годишно: во месец април кога се садат едногодишни врсти, како што се: бегонија, салвија, петунија и сл., а во месец октомври се садат двогодишни врсти, кои се садат од лукавици,
- Одржување и нега на сезонски и трајни жардинерии, односно нега на растенијата, се извршува континуирано, што подразбира плевење, окопување, кроење и поливање,
- Посипани со песок и поплочени површини во паркови и детски игралишта се одржуваат континуирано во текот на целата година. Кога ќе се уочат недостатоци, веднаш се одстрануваат, а редовно се бојат и заменуваат дотраените делови,
- Косење на коров-плевел на неуредени површини се спроведува во текот на вегетацијата, четири пати и
- Косење на трева се врши два пати во месец и тоа дванаесет пати за период од шест месеци во тековната година.

4.2 Календарот на основните операции и динамика на извршувањето на активностите во 2024 година:

КАЛЕНДАР

На основни операции и динамика на извршување во текот на 2024 година

| | **КАЛЕНДАР** | **На основни операции и динамика на извршување во текот на 2023 година** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Вид на работа** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **Вкупно** |
| **1,** | **Машинско косење** | / | / | 2 | 2 | 4 | 5 | 5 | 5 | 4 | 2 | 1 | / | **30** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2, | Полевање со распрскувачи | / | / | 2 | 2 | 5 | 6 | 6 | 6 | 5 | 2 | 2 | / | **36** |
| 3, | Кроење на дрвја и грмушки | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | **1** |
| 4, | Рачно полевање на дрвјата | / | / | / | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | / | / | / | **24** |
| 5, | Ѓубрење на дрвјата и тревата | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** |
| 6, | Окопување на дрвјата грмушките | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** |
| 7, | Собирање на лист и изнесување | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 6 | 7 | 5 | **18** |
| 8, | Заштита со вар до 1,30м | / | / | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | **2** |
| 9, | Полевање со систем капка | / | / | 7 | 8 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 8 | 7 | / | **80** |
| 10, | Садење на сез.цвеќе | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / | / | **2** |
| 11, | Копање (прашење)цвеке | / | / | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | **3** |
| 12, | Собирање на отпадоци | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | **180** |
| 13, | Ѓубрење на дрјвата | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** |
| 14, | Сечење на ивици по стази. | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | **2** |
| 15, | Уништување коров со хербициди по патеки | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** |
| 16, | Сеење, грабулање и валирање на тревно семе. | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **1** |

## 5 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

5.1 Програмата за одржување на јавно зеленило ќе ја спроведуваат вработените во Одделението за магацинско работење, пазар и јавно зеленило, при Јавното претпријатие за комунални работи „БОШАВА” Демир Капија.

5.2 Степенот на реализацијата на програмата ќе зависи од временските услови и средствата со кои располага јавното претпријатие.

5.3 За одржување на јавното зеленило на територијата на општина Демир Капија, Јавното претпријатие за комунални работи „БОШАВА” Демир Капија ќе склучи посебен ***Договор со општина Демир Капија.***

5.4 Јавното претпријатие за комунални работи „БОШАВА” Демир Капија, ќе ја спроведе програмата согласно договорот.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

**6.1** За годишно одржување на овие површини, согласно Буџетот на општина Демир Капија, **потребни се 2.241.054,79 денари.**

**6.2** Секоја дополнителна измена на програмата ќе влијае на висината на надоместокот за одржување на јавното зеленило.

**6.3** Во табелите кои следуваат ќе се дадат во прилог цените за извршување на секоја услуга поединечно и сите јавни површини, (паркови и зеленило), кои се предмет на програмата, со потребните финансиски средства за нивно одржување:

| | ЦЕНОВНИК ЗА УСЛУГА | | |
|---|---|---|---|
| Ред.бр | Вид на услуга | Ед.мера | Цена во денари |
| 1, | Машинско косење | м2 | 0,751 |
| 2, | Полевање со распрскувачи | м2 | 0,352 |
| 3, | Кроење на дрвја и грмушки | Бр. | 110,00 |
| 4, | Рачно полевање на дрвјата | Бр. | 5,05 |
| 5, | Ѓубрење на тревата | м2 | 0,18 |
| 6, | Окопување на дрвјата и грмушките | Бр. | 15,00 |
| 7, | Собирање на лист и изнесување | м2 | 1,47 |
| 8, | Заштита со вар до 1,30м | Бр. | 13,00 |
| 9, | Полевање со систем капка | м2 | 0,35 |
| 10, | Садење на сез. цвеќе | Бр. | 50,00 |
| 11, | Копање (прашење)ружи и цвеке | м2 | 15,00 |
| 12, | Собирање на отпадоци | м2 | 0,100 |
| 13, | Ѓубрење на дрвјата | Бр. | 25,00 |
| 14, | Сечење на ивици по стази | м' | 7,70 |
| 15, | Уништување коров со хербициди по патеки | м2 | 11,00 |
| 16, | Сеење, грабулање и валирање на тревно семе. | м2 | 48,00 |

### 6.4 Детален преглед на паркови и зеленило

### 1. Парк по насип на река Бошавица –8400м2

Паркот по насипот на река Бошавица се протега на површина од околу 8400м2 и содржи високо и ниско зеленило, пешачка патека и урбана опрема. Ниското зеленило односно тревниците зафаќаат површина од 8000м2, додека пешачката патека зафаќа површина од 400м2. Високото зеленило се состои од 94 зимзелени садници, 86 листопадни сандници и 14 грмушки.



| 1 | Парк по насип на река Бошавица –8400м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Вид на работа** | **Ед. мера** | **Количина** | **Бр. на повторувња** | **Вкупно** | **Ед. Цена** | **Вкупна Цена** |
| 1 | Машинско косење | м2 | 8.000,00 | 30,00 | 240.000,00 | 0,75 | 180.240,00 |
| 2 | Полевање со распрскувачи | м2 | 8.000,00 | 50,00 | 400.000,00 | 0,35 | 140.800,00 |
| 3 | Кроење на дрвјата и грмушките | бр. | 120,00 | 1,00 | 120,00 | 110,00 | 13.200,00 |
| 4 | Рачно полевање на дрвјата | бр. | 120,00 | 24,00 | 2.880,00 | 5,05 | 14.544,00 |
| 5 | Ѓубрење на тревата | м2 | 8.000,00 | 2,00 | 16.000,00 | 0,18 | 2.880,00 |
| 6 | Окопување на дрвјата и грмушките | бр. | 140,00 | 1,00 | 140,00 | 15,00 | 2.100,00 |
| 7 | Собирање на лист и изнесување | м2 | 4.000,00 | 18,00 | 72.000,00 | 1,47 | 105.840,00 |
| 8 | Заштита со вар до 1,30м | бр. | 50,00 | 2,00 | 100,00 | 13,00 | 1.300,00 |
| 9 | Уништување коров со хербициди по патеки | м2 | 400,00 | 1,00 | 400,00 | 11,00 | 4.400,00 |
| | | | | | | | **465.304,00** |

## 2. Парк Албиција 1000м²




Паркот кај старата општина се протега на површина од околу 1000м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Ниското зеленило зафаќа површина од 1000м2, додека високото зеленило се состои од 239 зимзелени садници, 28 листопадни садници, 3 грмушки, како и ружи и цвеќе.

| **2** | **Парк Албиција-1000м2** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Вид на работа** | **Ед. мера** | **Количина** | **Бр. на повторувања** | **Вкупно** | **Ед. цена** | **Вкупна Цена** |
| **1** | **Машинско косење** | **м2** | 1.000,00 | 15,00 | 15.000,00 | 0,75 | 11.265,00 |
| **2** | **Полевање со распрскивачи** | **м2** | 850,00 | 25,00 | 21.250,00 | 0,35 | 7.480,00 |
| **3** | **Кроење на грмушки** | **бр** | 4,00 | 2,00 | 8,00 | 110,00 | 880,00 |
| **4** | **Полевање со систем капка** | **м2** | 120,00 | 36,00 | 4.320,00 | 0,35 | 1.520,64 |
| **5** | **Ѓубрење на тревата** | **м2** | 850,00 | 1,00 | 850,00 | 0,18 | 153,00 |
| **6** | **Кроење на ружи** | **бр** | 50,00 | 1,00 | 50,00 | 15,00 | 750,00 |
| **7** | **Копање (прашење) ружи и цвеке** | **м2** | 100,00 | 4,00 | 400,00 | 15,00 | 6.000,00 |
| **8** | **Собирање на лист и изнесување** | **м2** | 500,00 | 5,00 | 2.500,00 | 1,47 | 3.675,00 |
| **9** | **Заштита со вар** | **бр** | 25,00 | 2,00 | 50,00 | 13,00 | 650,00 |
| | | | | | | | **32.373,64** |

### 3. Парк на улица Наум Наумов 3500 м²

Паркот на улица Наум Наумов се протега на површина од околу 3500м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Ниското зеленило зафаќа површина од 3500м2, додека високото зеленило се состои од 2 зимзелени сандици и 69 листопадни садници.



| **3** | **Парк на улица Наум Наумов-3500 м2** |
|---|---|

| Ред. бр. | Вид на работа | Ед. мера | Количина | Бр. на повторувња | Вкупно | Ед. цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење | м2 | 3.500,00 | 20,00 | 70.000,00 | 0,75 | 52.570,00 |
| 2 | Полевање со распрскувачи | м2 | 3.500,00 | 50,00 | 175.000,00 | 0,35 | 61.600,00 |
| 3 | Ѓубрење на тревата | м2 | 3.500,00 | 1,00 | 3.500,00 | 0,18 | 630,00 |
| 4 | Окопување на дрвјата грмушките | бр | 50,00 | 1,00 | 50,00 | 15,00 | 750,00 |
| 5 | Собирање на лист и изнесување | м2 | 3.000,00 | 8,00 | 24.000,00 | 1,47 | 35.280,00 |
| 6 | Заштита со вар | бр | 55,00 | 2,00 | 110,00 | 13,00 | 1.430,00 |
| | | | | | | | **152.260,00** |

### 4. Парк триаголник Првомајска Маршал Тито 200м²




Паркот триаголник помеѓу улиците Маршал Тито и Првомајска се протега на површина од околу 200м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Нискота зеленило заќа површина од 140м2, додека високото зеленило се состои од 7 зимзелени садници и 1 грмушка, како и ружи и цвеќе

| 4 | Парк триаголник Првомајска Маршал Тито-200м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Вид на работа | Ед. мера | Количина | Бр. на Повторувња | Вкупно | Ед. цена | Вкупна Цена |
| 1 | Машинско косење | м2 | 140,00 | 15,00 | 2.100,00 | 0,75 | 1.575,00 |
| 2 | Полевање со распрскувачи | м2 | 140,00 | 36,00 | 5.040,00 | 0,35 | 1.774,08 |
| 3 | Полевање со систем капка | м2 | 60,00 | 36,00 | 2.160,00 | 0,35 | 760,32 |
| 4 | Ѓубрење на дрвјата и тревата | м2 | 200,00 | 1,00 | 200,00 | 0,18 | 36,00 |
| 5 | Копање (прашење) ружи и цвеке | м2 | 60,00 | 12,00 | 720,00 | 15,00 | 10.800,00 |
| 6 | Собирање на отпадоци | м2 | 180,00 | 180,00 | 32.400,00 | 0,10 | 3.240,00 |
| 7 | Окопување дрвја | Бр | 5,00 | 1,00 | 5,00 | 15,00 | 75,00 |
| 8 | Кроење на дрвја | Бр | 5,00 | 1,00 | 5,00 | 110,00 | 550,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **18.810,40** |

### 5. Парк кај спортската сала 450м²




Паркот кај спортската сала се протега на површина од околу 450м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Ниското зеленило зафаќа површина од 450м2, додека високото зеленило се состои од 24 листопадни садници.

| **5** | **Парк кај спортската сала-450м2** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред бр** | **Вид на работа** | **Ед мера** | **Количина** | **Бр на повторувња** | **Вкупно** | **Ед цена** | **Вкупно** |
| **1** | **Машинско косење** | **м2** | 450,00 | 25,00 | 11.250,00 | 0,75 | 8.448,75 |
| **2** | **Рачно полевање** | **м2** | 20,00 | 36,00 | 720,00 | 5,05 | 3.636,00 |
| **3** | **Полевање со распрскувачи** | **м2** | 450,00 | 36,00 | 16.200,00 | 0,35 | 5.702,40 |
| **4** | **Ѓубрење на дрвјата и тревата** | **м2** | 450,00 | 1,00 | 450,00 | 0,18 | 81,00 |
| **5** | **Собирање на отпадоци** | **м2** | 450,00 | 160,00 | 72.000,00 | 0,10 | 7.200,00 |
| **6** | **Окопување дрвја** | **Бр** | 20,00 | 1,00 | 20,00 | 15,00 | 300,00 |
| **7** | **Кроење на дрвја** | **Бр** | 20,00 | 1,00 | 20,00 | 110,00 | 2.200,00 |
| **8** | **Собирање на лист и изнесување** | **м2** | 450,00 | 12,00 | 5.400,00 | 1,47 | 7.938,00 |
| | | | | | | | **35.506,15** |

### 6. Парк 11ти Октомври 350м²




Паркот кај Општината се протега на површина одоколу 350м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Ниското зеленило зафаќа површина од 320м2, додека високото зеленило се состои од 11 зимзелени и 24 листопадни садници.

| 6 | Парк 11ти Октомври-350м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред бр | Вид на работа | Ед мера | Количина | Бр на повторувања | Вкупно | Ед цена | Вкупно |
| 1 | Машинско косење | м2 | 320,00 | 15,00 | 4.800,00 | 0,75 | 3.604,80 |
| 2 | Рачно полевање | м2 | 30,00 | 36,00 | 1.080,00 | 5,05 | 5.454,00 |
| 3 | Полевање со распрскувачи | м2 | 320,00 | 36,00 | 11.520,00 | 0,35 | 4.055,04 |
| 4 | Ѓубрење на дрвјата и тревата | м2 | 340,00 | 1,00 | 340,00 | 0,18 | 61,20 |
| 5 | Собирање на отпадоци | м2 | 320,00 | 160,00 | 51.200,00 | 0,10 | 5.120,00 |
| 6 | Окопување дрвја | Бр | 20,00 | 1,00 | 20,00 | 15,00 | 300,00 |
| 7 | Кроење на дрвја | Бр | 10,00 | 1,00 | 20,00 | 110,00 | 2.200,00 |
| | | | | | | | **20.795,04** |

### 7. Градски гробишта-650м2

Зеленилото кај градските гробишта се протега на површина од околу 650м2 и се состои од високо и ниско зеленило. Ниското зеленило зафаќа површина од 650м2, додека високото зеленило се состои од 12 зимзелени и 7 листопадни садници.

| 7 | Градски гробишта-650м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Вид на работа | Ед. мера | Количина | Бр. на повторувња | Вкупно | Ед. цена | Вкупна Цена |
| 1 | Машинско косење | м2 | 650,00 | 10,00 | 6.500,00 | 0,75 | 4.881,50 |
| 2 | Полевање со капка систем | м2 | 350,00 | 30,00 | 10.500,00 | 0,35 | 3.696,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **Копање (прашење) цвеќе** | **м2** | 350,00 | 1,00 | 350,00 | 0,18 | 63,00 |
| **4** | **Собирање на отпадоци** | **м2** | 650,00 | 120,00 | 78.000,00 | 0,10 | 7.800,00 |
| | | | | | | | **16.440,50** |

### 8. Жандирењери на ул. Маршал Тито-100м2




Жардињерите на ул. Маршал Тито зафаќаат површина од околу 100м2 и се состојат од 40 зимзелени садници и 20 грмушки

| **8** | **Жандрењери на ул.Маршал Тито-200м2** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Вид на работа** | **Ед. мера** | **Количина** | **Бр. на повторувња** | **Вкупно** | **Ед. цена** | **Вкупна цена** |
| **1** | **Полевање со капка систем** | **м2** | 100,00 | 30,00 | 3.000,00 | 0,35 | 1.056,00 |
| **2** | **Копање (прашење) цвеќе** | **м2** | 100,00 | 3,00 | 300,00 | 15,00 | 4.500,00 |
| **3** | **Собирање на отпадоци** | **м2** | 100,00 | 100,00 | 10.000,00 | 0,10 | 1.000,00 |
| | | | | | | | **6.556,00** |

### 9. Плоштад



Плоштадот со пешачката зона се протега на површина од 5160м2 и се состои од украсни 51 дрвја, жардижери, пешачки патеки и урбана опрема.

| 9 | **Плоштад-5310м2** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Вид на работа** | **Ед. мера** | **Количина** | **Бр. на повторувња** | **Вкупно** | **Ед. цена** | **Вкупно** |
| 1 | Полевање со капка систем | м2 | 51,00 | 30,00 | 1.530,00 | 0,352 | 538,56 |
| 2 | Ѓубрење на дрвјата | бр | 51,00 | 1,00 | 51,00 | 25,00 | 1.275,00 |
| 3 | Уништување коров со хербициди по патеки | м2 | 5.160,00 | 1,00 | 5.160,00 | 11,00 | 56.760,00 |
| 4 | Машинско косење | м2 | 150,00 | 15,00 | 2.250,00 | 0,75 | 1.687,50 |
| 5 | Рачно полевање | м2 | 150,00 | 30,00 | 4.500,00 | 5,05 | 22.725,00 |
| 6 | Садење на сезонско цвеќе | м2 | 150,00 | 2,00 | 300,00 | 50,00 | 15.000,00 |
| 5 | Копање (прашење) цвеќе | м2 | 150,00 | 3,00 | 450,00 | 15,00 | 6.750,00 |
| | | | | | | | **104.736,06** |

### 10. Парк кај повекенаменско игралиште-10000м2

Паркот кај повеќенаменското игралиште се протега на површина од 10000м2 и се состои од високо и ниско зеленило, пешачки патеки и урбана опрема. Ниското зеленило зафака површина од 10000м2, високото зеленило се состои од 10 зимзелени и 40 листопадни садници, а пешачката патека - 1200м2.



| 10 | Парк кај повеќенаменско игралиште-10000м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Вид на работа | Ед мера | Количина | Број на повторувања | Вкупно | Ед.цена | Вкупно |
| 1 | Машинско косење | м2 | 10.000,00 | 30,00 | 300.000,00 | 0,75 | 225.300,00 |
| 2 | Полевање со распрскувачи | м2 | 10.000,00 | 36,00 | 360.000,00 | 0,35 | 126.720,00 |
| 3 | Ѓубрење на дрвјата и тревата | м2 | 10.000,00 | 2,00 | 20.000,00 | 0,18 | 3.600,00 |
| 4 | Собирање на лист и изнесување | м2 | 10.000,00 | 16,00 | 160.000,00 | 1,45 | 232.000,00 |
| 5 | Собирање на отпадоци | бр | 10.000,00 | 200,00 | 2.000.000,00 | 0,10 | 200.000,00 |
| 6 | Уништување коров со хербициди по патеки | м2 | 1.200,00 | 1,00 | 1.200,00 | 11,00 | 13.200,00 |
| 7 | Сечење на ивици по стази | м' | 500,00 | 2,00 | 1.000,00 | 7,70 | 7.700,00 |
| | | | | | | | **808.520,00** |

### 11. Зеленило покрај обиколница кај парк Река Бошава-4300м2

Просторот покрај обиколницата кај паркот Река Бошава зафаќа површина од 4300м2 и се предвидува негова обработка во јавна зелена површина со ниско зеленило.



| 11 | Зеленило покрај обиколница кај парк Река Бошава-4300м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Вид на работа | Ед мера | Количина | Број на повторувања | Вкупно | Ед.цена | Вкупно |
| 1 | Дотур на плодна земја со разастирање | м3 | 215,00 | 1,00 | 215,00 | 600,00 | 129.000,00 |
| 2 | Сеење, грабулање и валирање на тревно семе. | м2 | 4.300,00 | 1,00 | 4.300,00 | 48,00 | 206.400,00 |
| 3 | Машинско косење | м2 | 4.300,00 | 15,00 | 64.500,00 | 0,75 | 48.375,00 |
| 4 | Полевање | м2 | 4.300,00 | 32,00 | 137.600,00 | 1,00 | 137.600,00 |
| | | | | | | | **521.375,00** |

### 12. Парк на улица Партизанска-250м2




Паркот на улица Партизанска се протега на површина од 250м2 и се состои од жардиниери со 10 зимзелени садници и 7 грмушки, како и игралиште за деца.

| 12 | Парк на улица Партизанска-250м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Вид на работа | Ед мера | Количина | Број на повторувања | Вкупно | Ед.цена | Вкупно |
| 1 | Полевање со капка систем | м2 | 50,00 | 30,00 | 1.500,00 | 0,35 | 528,00 |
| 2 | Копање (прашење) цвеќе | м2 | 50,00 | 25,00 | 1.250,00 | 15,00 | 18.750,00 |
| 3 | Собирање на отпадоци | м2 | 250,00 | 100,00 | 25.000,00 | 0,10 | 2.500,00 |
| | | | | | | | **21.778,00** |

### 13. Влезот во Демир Капија, покрај и помеѓу улица Маршал Тито и железничката пруга-4000м2

Зеленилото на влезот во Демир Капија покрај и помеѓу илицата Маршал Тито и железничката пруга зафаќа површина од 400м2 и се состои од ниско и високо зеленило.



| 13 | Влезот во Демир Капија, покрај и помеѓу улица Маршал Тито и железничката пруга-4000м2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр | Вид на работа | Ед мера | Количина | Број на повторувања | Вкупно | Ед.цена | Вкупно |
| 1 | Машинско косење | м2 | 4.000,00 | 10,00 | 40.000,00 | 0,75 | 30.000,00 |
| 2 | Уништување коров со хербициди по патеки | м2 | 600,00 | 1,00 | 600,00 | 11,00 | 6.600,00 |
| | | | | | | | **36.600,00** |

## Табела за сите паркови вкупно:

| | Табела за сите паркови вкупно: | |
|---|---|---|
| | Парк | Износ |
| 1 | Парк по насип на река Бошавица –8000м2 | 465.304,00 |
| 2 | Парк Албиција 1000м² | 32.373,64 |
| 3 | Парк на улица Наум Наумов 3500 м² | 152.260,00 |
| 4 | Парк триаголник Првомајска Маршал Тито 200м² | 18.810,40 |
| 5 | Парк кај спортската сала 450м² | 35.506,15 |
| 6 | Парк 11ти Октомври 350м² | 20.795,04 |
| 7 | Градски гробишта-650м2 | 16.440,50 |
| 8 | Жандрењери на ул.Маршал Тито-200м2 | 6.556,00 |
| 9 | Плоштад | 104.736,06 |
| 10 | Парк кај повеќенаменско игралиште-10000м2 | |

| | | |
|---|---|---|
| | | **808.520,00** |
| 11 | **Зеленило покрај обиколница кај парк Река Бошава-4300м2** | **521.375,00** |
| 12 | **Парк на улица Партизанска-250м2** | **21.778,00** |
| 13 | **Влезот во Демир Капија, покрај и помеѓу улица Маршал Тито и железничката пруга** | **36.600,00** |
| | **Вкупно:** | **2.241.054,79** |

## 7. ОСНОВНИ ЗАБЕЛЕШКИ СО БИТНИ ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Активностите утврдени во оваа програма дел да се финансираат од надоместокот за одржување на јавното зеленило, утврден со Решение кое го донесува Градоначалникот на општината соглано член 27 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.302/20), а за висината и начинот на распределбата на средствата, Советот на општината донесува Одлука согласно член 28 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.302/20).

**7.1** Вака презентираниот материјал претставува минимум финансиска конструкција за реализација на активностите предвидени во Оперативната програма за одржување на јавното зеленило за 2024 година во општина Демир Капија, при што се водеше сметка за социјалниот аспект за сопствениците, односно корисниците на стамбен и деловен простор.

**7.2** Со цел на поставување на реални односи меѓу Јавното комунално претпријатие „БОШАВА" Демир Капија како спроведувач на оваа програма и сопствениците, односно корисниците на стамбен и деловен простор потребно е да се обезбедат средства за реализацијата на оваа програма, па соглано член 26 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.302/20), потребно е да се утврди висината на надоместокот за одржување на јавното зеленило.

**7.3** Бидејќи според податоците од Јавното комунално претпријатие „БОШАВА" Демир Капија, корисниците на услугите се поделени во две категории: сопственици, односно корисници на стамбен и деловен простор, потребно е да бидат утврдени и две категории на надоместокот за одржување на јавно зеленило, кои би се разликувале во висината на паричните средства:

- Првата категорија се Корисниците на стамбен простор;
- Втората категорија се Корисниците на деловен простор.

Втората категорија на Корисници е поделена на 2 (две) подкатегории:

1. Корисници на деловен простор кои располагаат со корисна површина до 300 $M^2$;
2. Корисници на деловен простор кои располагаат со корисна површина над 300 $M^2$;

**7.4** Овие средства, собрани од надоместокот за одржување на јавно зеленило, согласно член 26 став 3 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.302/20), се приход на општината, и ќе се користат за финансирање на работите на одржување на јавно зеленило.

## 8. НАДЗОР НАД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

**8.1** Надзор над реализацијата на оваа програма ќе врши комисија задолжена за контрола на извршувањето на комуналните дејности, и овластени за вршење на контрола од страна на Градоначалникот.

**8.2** За извршените активности на терен, ЈКП „БОШАВА" се задолжува да доставува месечни извештаи за извршена работа (извршената работа треба да биде потврдена

од страна на општината) до општина Демир Капија, а на крајот на годината и Годишен извештај, кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на општина Демир Капија на усвојување.

**9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 254/6 | Претседател на Совет на |
| 12.04.2024 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2024 година**

Се објавува Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –278/5 | Градоначалник на |
| 15.04.2024 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Лазар Петров с.р. |

---

Врз основ на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16 и "Службен весник на РСМ" бр.65/23), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
За заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2024 година

## I. Вовед

Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните и обврските на општините кои произлегуваат од истиот.

За заштита на населението од опасности кои животните можат да ги предизвикаат, а посебно заради обезбедување на елементарна заштита и благосостојба на животните, општините се задолжени да применуваат мерки за заштита и третман на бездомни кучиња.

Постапките за третман на бездомни кучиња се дефинирани согласно закон, врз основ на кој општините изготвуваат Годишна програма за работа, усогласена со предвидениот буџет за реализација на потребните активности.

Постапката ги вклучува следните општи мерки:

1.Заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственик и привремено сместување во прифатилиште.

2.Третман на бездомни кучиња (стерилизација, ветеринарно – медицински третман, тест за стерилизација, обележување со микрочип и ушна маркица, враќање во реонот од каде што е земено, вдомување и внес на сите податоци во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство)

Општите мерки ги организира единицата на локалната самоуправа и се спроведуваат во соработка со останатите надлежни институции и регистрирани субјекти овластени за вршење на дејност-прифатилишта.

Посебна мерка за заштита на населението и третман на бездомни улични кучиња е Хумана еутаназија на бездомни кучиња, во случај на појава на заразна болест.

Специфичните мерки за заштита се спроведуваат во случај на појава на заразна болест, која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци од основните мерки и да се спроведе хумана еутаназија на кучињата

**II.Активности**

Со програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението и

заштита и благосостојба на животните, се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансирање средства за спроведување на општите мерки на територијата на општина Демир Капија.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Демир Капија, во соработка со овластена фирма за заловување која има прифатилиште и дозвола од Агенцијата за храна и ветеринарство и истата ќе биде избрана на јавен тендер објавен од страна на општината.

Бројот на заловени кучиња ќе биде во зависност од тоа колку ќе биде цената на едно заловено куче согласно тендерот .

1.Заловување на бездомни кучиња од страна на квалификувани лица

Заловувањето ќе се изврши најкасно 10 дена од потпишување на договорот со фирмата за вршење на услуги.

Заловувањето го планираме да се изврши во градот Демир Капија и во населените места Корешница и Бистренци, а доколку имаме потреба и во останатите селски населби.

2.Заловување на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик, и привремено сместување во прифатилишта.

3.Третман на заловените бездомни кучиња (кастрација, здравствено третирање, социјализација, обележување со микрочип, враќање во регион од каде е заловено)

Заловените кучиња треба да бидат прегледани од доктор по ветеринарна медицина и потоа со нив да се постапува согласно Законската регулатива. Кучињата треба да се вакцинирани против беснило и третирани против екто и ендопаразити, идентификувани со микрочип и сите податоци се внесени во ИСАХВ.

На секое бездомно куче треба да му се спроведе тест за социјализација од страна на овластено лице од АХВ. Оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни нема да се вратат на реонот на заловување туку ќе бидат понудени за вдомување, а по истек на 30 дена од моментот на спроведување на тестот за социјализација по исцрпување на сите можности за вдомување кучињата ќе бидат еутанизирани.

Одлуката за еутаназија и самата еутаназија ја врши Доктор по ветеринарна медицина. Кучињата кои ќе се вратат на реонот на заловување покрај тоа што ќе се микрочипирани ќе бидат и видливо обележани со ушна маркица во боја пропишана во годишната наредба за здраавствена заштита на животните.

На сите заловени кучиња им се зема крв за утврдување на Лајшманиоза. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на Лајшманиоза се постапува во согласност со актуелната годишна наредба за здравствена заштита на шивотните.

4.Контрола на популацијата на бездомни кучиња

Сегашната состојба во општина Демир Капија е дека во општината имаме околу 30 кучиња скитници

Општина Демир Капија и во 2024 година ќе продолжи да се грижи за заштита и благосостојба на животните, со правилен третман на бездомните кучиња, согласно закон и Годишна програма. Комуналната редарска служба при општината ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката на комунален ред, и Членовите 140, 141 и 142, со кој се прецизираат постапките согласно законот.

Контролата на квалитетот и исправноста во извршување на обврските на општината Демир Капија, согласно Законот за заштита и благосостојба на животните како и Планот и Годишната програма, ќе ја вршат надлежни органи, Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, Сектор за инспекциски надзор.

При избирање на фирма за вршење на услуги согласно програмата истата треба да има дозвола од АХВ.

Фирмата треба да ги исполнува условите пропишани согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, односно треба да врши:

-заловување,
-вакцинација,
-тест за социјализација,
-еутаназија,
-треба да има прифатилиште за животните согласно законските прописи
-да води регистар на односно досие за секое заловено куче во кое ќе биде опишан

целокупниот третман на животното од прифаќање до излегување од Прифатилиштето.

Со самото склучување на договор општината ќе ја извести АХВ, со која фирма е склучен договор за набавка и користење на услуги за заловување и сместување на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња во прифатилишта.

**III. Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, програма ЕО- општинска администрација (ветеринарни услуги ), годишна вакцинација и третман за заштита од штетници, на кучиња и нови бездомни кучиња и истата ќе биде во висина од 240 000,00 денари.

Се надеваме дека предвидените средства ќе бидат доволни за заловување и прифаќање на минимум 25 кучиња.

**IV. Известување**

Бидејќи општина Демир Капија нема јавни гласила, сите известувања и информации до граѓаните ќе се вршат преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со полицијата, разните здруженија за заштита на животните како и останати невладини организации.

**V. Контрола**

Контрола над спроведување на општинските мерки на општина Демир Капија за заштита и благосостојба на животните, врши претставник од одделението за инспекциски надзор при општина Демир Капија.

Во текот на годината ќе се спроведат како редовни така и вонредни Инспекциски надзори од страна на Комуналниот инспектор и комуналните редари во општината согласно нивните надлежности од Законот за благосостојба и заштита на животните

Во случај на спроведување на посебни мерки ќе биде известена Агенцијата за храна и ветеринарство, за вршење на инспекциски надзор.

**VI. Завршни одредби**

Оваа програма има важност за тековната 2024 година. Во случај на потреба од активности кои не се предвидени во истата програма, советот на општина Демир Капија ќе донесе измени и надополнувања на истата.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 254/7 | Претседател на Совет на |
| 12.04.2024 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –278/6 | Градоначалник на |
| 15.04.2024 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 12 став 1 и член 14 став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2024 година**

**I** *.__Вовед__*

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки, целите, планираните активности, финансирањето и извршителите над спроведувањето на програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Демир Капија за 2024 година.

**II.** ***__Стратегиска цел на програмата__***

Заради заштита на населението во Општина Демир Капија од заразни болести, потребно е да превземеме соодветни општи мерки во текот на 2024 година со цел спречување, рано откривање, спречувањето на ширење и сузбивање на заразните болести и на инфекциите.

**III.** ***__Активности__***

Во текот на 2024 година, Општина Демир Капија ќе ги превземе следните планирани мерки и активности:

**1.*Активности***

1.1. Мерки

1.1.1.Вршење на превентивна дезинсекција

1.1.2.Локација

Дезинсекција на територија на град Демир Капија, како и населените места - вкупен опфат 200 ха

- градежен реон како град Демир Капија, така и населените места во општина и по течениeто на реката Вардар и Дошница,

Ларвициден третман на застоени води против ларви од комарци вкупен опфат 2ха

Теристичната дератизација како и Ларвицидната дератизација се планира да биде 3 третмани

1.1.3.Планирани средства

Буџет на Општина Демир Капија

**1.2**. Мерки

1.2.1. Вршење на превентивна дератизација

1.2.2..Локација

Дератизација на канализација на населено место Демир Капија и други населени места каде што општината раководи со канализационите системи по ревизиона шахта

Планирано е да се извршат два третмани на дератизација на

- 150 шахти. Временска рамка на извршување - април, мај 2024 год.

1.2.3.Планирани средства

Буџет на Општина Демир Капија

**1.3** Мерки

1.3.1. Други хигиенско технички мерки на населените места и други јавни површини

1.3.2. Локација

Дезинсекција во основните училишта, јавни општински установи, јавни површини и други објекти

1.3.3. Планирани средства

Буџет на јавни општински установи

**2.** ***Активности***

2.1.1. Мерки

Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

2.1.2. Локација

Водоводни системи во Демир Капија и населените места на општината чии водоводи се под надлежност на одржување на ЈКП.Бошава

(Доколку настане превземање на други селски водоводи од страна на Ј.П.Бошава за истите ќе се обезбеди безбедна вода за пиење)

2.1.3.Планирани средства

Буџет на ЈКП.Бошава

**3.** ***Активности***

3.1.1.Мерки

Обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти:

училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување други јавни установи

3.1.2. Локација

-ООУ,,Димче А.Габерот “ Демир Капија и подрачните училишта

-ЈОУДГ,,Борис Трајковски” Демир Капија

-ОУ Дом на култура ,,Мирка Гинова” Демир Капија

-ЈКП.Бошава Демир Капија и др. јавни установи на општината

3.3.3. Планирани средства

Буџет на јавни установи и претпријатија

**4.** ***Активности***

4.1.1.Мерки

Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

4.1.2. Планирани средства (едукација)

- Дом на културата

- Сала за состаноци при општина Демир Капија

- ООУ,,Димче А.Габерот “Демир Капија

**5.** ***Активности***

5.1.1.Мерки

Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина

5.1.2. Локација

На територија на Општина Демир Капија

5.3. Планирани средства

- Општина Демир Капија

- Ј.К.П.Бошава Демир Капија

Сите планирани мерки и активности со оваа Програма ќе бидат реализирани во согласност

со стандардите и постапките утврдени со закон

**IV.*Финансирање на програмата***

Активностите утврдени со оваа програма кои се на товар на општина Демир Капија ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 250.000,00 денари а останатите од буџетите на јавните установи и претпријатија на територија на Општината.

**V.*Извршители на програмата***

Извршители на мерките и активностите предвидени со оваа програма ќе бидат најповолните понудувачи избрани по спроведени постапки, согласно законите на С.Р.Македонија, со кои се склучуваат договори

**VI. *Завршни одредби***

Оваа програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 254/8
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2024 год.**

Се објавува Програма за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2024 год., што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/7
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 точка 10 и 11, и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство (“Сл.весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14,193/15, 39/16 и “Сл. весник на РСМ“ бр.152/19), член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, и член 73 став 2 алинеа 1 од Статутот на општина Демир Капија (“Сл. Гласник на општина Демир Капија“ бр.08/05, 2/08 и 12/10), Градоначалникот на општина Демир Капија, му предлага на Советот да донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за активностите на Општина Демир Капија за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2024 год.

**Вовед**

Со оваа Програма се остваруваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби Општина Демир Капија овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Просторните сили за заштита и спасување,
- ДПД Демир Капија,
- Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди и други несреќи на територијата на општината Демир Капија;
- Во соработка со РЦУК, ДЗС и ТППЕ – Неготино;

**1. Цели**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Капија во областа на заштитата и спасувањето противпожарната заштита и справувањето со кризи се:
- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, шумски пожари, пожари на отворен простор, поплави и др.
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи.

- создавање на услови и можности за организирано остварување и релизација на заштитата на луѓето и материјалните добра.
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елеминирање на причините за настнување на пожарот и други видови на непогоди.
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

## 2. Активности

За реализација и остварување на оваа Програма, активностите на општината и советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во областа на заштитата и спасувањето, протипжарната заштита и справување со кризи и други несреќи во мир. Бидејќи Општина Демир Капија нема своја Територијална противпожарна единица (ТППЕ), територијата на општина Демир Капија ја покрива ТППЕ од Неготино. Во оваа насока, општината во даден момент планира да ги ангажира членовите на ДПД Демир Капија, кои ќе работат на повик и ќе бидат анагажирани за гасење на пожари на отворен простор на територијата на Општина Демир Капија. Во составот на друштвото може да бидат опфатени и други граѓани кои доброволно ќе пријаваат интерес да учествуваат во гасењето на пожари.

Со Програмата е предвидено за лицата кои ќе бидат ангажирани за гасење на пожари и лугето од Универзалната единица за заштита и спасување да има организирани обуки, спроведени од ТППЕ - Неготино или Дирекцијата за заштита и спасување - Центар за обука, за да може да делуваат во спречување на пожари или активно да учествува во гаснење на пожари.

Конкретни програмски активности
- Ангажираните лица ќе дејствуваат навремено при појава на пожари на отворен простор и шумски пожари се до пристигнувањето на местото зафатено со пожар на надлежните органи;
- Кога ќе има потреба од тоа, постојано ќе им помагаат на ТППЕ - Неготино, и ќе бидат под нивна команда на подрачјето зафатено со пожар;
- Постојано ќе соработуваат со други субјекти, надлежни органи и тела (ЦУК и ДЗС);
- Ќе учествуваат во справување и со други ризици и непогоди на територијата на Општина Демир Капија;

## 3. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, превенцијата и спраувањето со кризни состојби и дејствувањето на Доброволните противпожарни друштва, сезонските пожарникари, Општинскиот противпожарен сојуз и др. утврдени со оваа Програма ќе бидат релизирани од Средства од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Распоредување на финансиските средства:**

| Ред. бр. | Намена | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Надоместок за гориво и масла | 10 000 |
| 2. | Надоместоци за дневници | 26 000 |
| 3. | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30 000 |
| 4. | Обука на вработените во општината за ПП заштита | 12 000 |
| 5. | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2 000 |
| 6. | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20 000 |
| 7. | Набавка на работни униформи за ДПД | 20 000 |
| 8, | Договорни услуги за обука | 10 000 |
| 9. | Храна и освеж.пијалоци за ангажираните во гаснење на пожар | 20 000 |
| 10. | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 30 000 |
| 11. | Организирање и спроведување на обука на просторните сили и општинскиот штаб за заштита и спасување | 20 000 |
| | Вкупно | 200 000 |

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Демир Капија. Општината во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината релизација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со

остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 254/9
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на План за дополнување на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на вработените и останатите лица кои во тој момент се затекнале во просториите на општината и материјалните добра**

Се објавува План за дополнување на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на вработените и останатите лица кои во тој момент се затекнале во просториите на општината и материјалните добра, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/8
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ бр.215/21), Советот на Општина Демир Капија на XXXIII-та седница одржана на 12.04.2024 година, донесе

**ПЛАН**
**За дополнување на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на вработените и останатите лица кои во тој момент се затекнале во просториите на општината и материјалните добра**

**Член 1**

Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на вработените и останатите лица кои во тој момент се затекнале во просториите на општината и материјалните добра бр.08-494/8 од 30.06.2022 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.7/22), се дополнува со нови Прилози бр.3, 4 и 5 кои се составен дел на овој план.

**Член 2**

Овој план влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 254/10
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир капија за 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/9
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на XXXIII-та седница одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен финансов извештај по завршна сметка на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај по

завршна сметка (блок дотации, сметка за сопствени приходи) на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 254/11
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир капија за 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/10
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XXXIII-та седница одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2023 година, усвоен од Управниот одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија на седница одржана на ден 21.03.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 254/12
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Број 09 –278/11
15.04.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 1, став (2) алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија

1. На **Стојна Ѓорѓиева**, член на Советот на општина Демир Капија и престанува мандатот на член на Советот на општина Демир Капија поради поднесување на оставка, сметајќи од денот на одржување на седницата.

2. Примерок од Решението за констатирање на престанок на мандатот да се достави до Општинската изборна комисија Демир Капија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 254/13
12.04.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---